**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 23.07.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 3442 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен надзор

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ СВЕТ ДОО Свети Николе

3. **Период опфатен со надзорот:** 5 јули 2018 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 23 јули 2018 година

5. **Предмет на надзорот:**

– **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите)

6. **Претходно изречена мерка:**

- Нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ СВЕТ ДОО Свети Николе, емитуван на 5 јули 2018 година, **е констатирано прекршување на член 64 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (програмите на странски јазици или деловите од нив што се емитуваат на програмите на радиодифузерите треба да бидат преведени на македонски јазик, односно на јазикот на заедницата што не е во мнозинство).

Со надзорот е констатирано дека на 5 јули 2018 година, на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ СВЕТ ДОО Свети Николе, емитувани се блок од цртани филмови на англиски јазик без да бидат преведени на македонски јазик.

| Наслов на емисија | Период на емитување на емисијата | | Опис |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| Цртан филм (без наслов) | 10:29:05 | 10:31:50 | Емитувани се цртани филмови на англиски јазик кои не се преведени на македонски јазик. Исто така, насловите на цртаните филмови не се преведени на македонски јазик. |
| „Hector's Hectic Life“ | 10:31:50 | 10:38:19 | |
| „Helter Swelter“ | 10:38:19 | 10:45:15 | |
| „Get rich quick porky“ | 10:45:15 | 10:52:42 | |
| „Bars and stripers forever“ | 10:52:42 | 11:00:23 | |
| „The early worm gets the Bird“ | 11:00:23 | 11:09:14 | |
| Извадоци од повеќе цртани филмови на англиски јазик | 19:27:04 | 19:31:11 | |
| „Popeye the Sailor“ | 19:32:10 | 19:47:07 | |
| „Popeye the Sailor“ | 19:47:07 | 20:00:27 | |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 64 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ СВЕТ ДОО Свети Николе, на 5 јули 2018 година, емитувани се цртани филмови на англиски јазик без да бидат преведени на македонски јазик.

9. **Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското радиодифузно друштво Телевизија ТВ СВЕТ ДОО Свети Николе и согласно точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот, постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***